Уп. бр. 08- 55

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ТП Груп Плц, друштво со ограничена одговорност, со јавно понудени акции, со седиште на Коди Технолоџи Парк Олд Ивели Роуд, Фарнборо, Хемпшир, GU14 0LX Обединето Кралство, доставено преку Душица Бојковска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 12.06.2019 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која ТП Груп Плц, друштво со ограничена одговорност, со јавно понудени акции, со седиште на Коди Технолоџи Парк Олд Ивели Роуд, Фарнборо, Хемпшир, GU14 0LX Обединето Кралство ќе стекне контрола над Сапиенза Консалтинг Холдинг Б.В. приватно друштво со ограничена одговорност, регистрирана канцеларија на Ријнстрат 3, 2223EG Катбајк, Холандија, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 21.05.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од ТП Груп Плц, друштво со ограничена одговорност, со јавно понудени акции, со седиште на

Коди Технолоџи Парк Олд Ивели Роуд, Фарнборо, Хемпшир, GU14 0LX Обединето Кралство, со која ТП Груп Плц, друштво со ограничена одговорност има намера, преку стекнување на акции, да стекне контрола над Сапиенза Консалтинг Холдинг Б.В. приватно друштво со ограничена одговорност, регистрирана канцеларија на Ријнстрат 3, 2223EG Катбајк, Холандија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ТП Груп Плц, Обединето Кралство** е член на ТП Груп и е друштво кое врши крајна контрола на ТП Груп, која се занимава со системски инженеринг во секторот одбрана, разузнавање и обезбедување, како и во секторот вселена и енергетика.

**Сапиенза Консалтинг Холдинг Б.В., Холндија** и неговите зависни друштва, се занимаваат со обезбедување работна сила, инженеринг услуги и ИТ решенија за секторот вселена и одбрана во Европа.

Сапиенза Консалтинг Холдинг Б.В., Холндија посредно (преку свои зависни друштва) има друштво основано во Република Северна Македонија - Сапиенза Балканс ДООЕЛ Скопје со седиште на бул. Партизански одреди 15А Скопје, Република Северна Македонија. Друштвото во моментот на поднесување на известувањето не е активно.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**